УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“, СКОПЈЕ

# СЛОВАТА И СЛОВОТО
Зборник на трудови од Третиот
Светиклиментов научен собир
(2019)

27-242-277

Ѓоко Ѓорѓевски

## БОЖЈИОТ ЗБОР ВО СТАРИОТ ЗАВЕТ

„Човекот не живее само од леб, но живее и од секој збор што излегува од устата на Господа“ (5Мојс 8,3). Овие зборови, забележани во евангелието според Матеј (4,4) и Лука (4,4,) се одговорот Христов на повикот на ѓаволот да го претвори каменот во леб во пустината, откако Тој ништо не беше јадел цели 40 дена и 40 ноќи. Тоа значи дека човекот не живее само од материјалната храна, но уште повеќе од духовната, иако на обете дародавецот е Бог. Сепак, и оваа позната и навидум типична новозаветна фраза е преземана од Стариот завет, од Книгата Второзаконие. Наспроти Бог, кој слови и говори, се „немите идоли“, како што ги нарекува апостолот Павле во Првото послание до Коринтјаните (12,2). За разлика од идолите, кои „очи имаат и не гледаат, уста имаат и не зборуваат“ (Пс 113, 13; Вар 6,7), Павле го нагласува Божјиот говор како една од најкарактеристичните одлики на живиот Бог во библиското откровение: Тој зборува со човекот, а важноста на неговиот збор во Стариот завет само го подготвува новозаветното време, кога овој Збор – Слово – станува плот.[1] Со Христовото доаѓање, Бог почнува непосредно да говори и, како што вели Блажениот Августин, Словото е „видено и слушато“, затоа што стана „Збор кој се гледа“.

Технички термин за говорот којшто најчесто се појавува во Стариот завет е *dabar*, употребен скоро 1500 пати.[2] Приближно бројно е користен и глаголот *dibber*, од којшто произлегува и именката. Тој го

[1] Amiot François – Pierre Grelot, “Riječ Božja”, *Riječnik biblijske teologije*, ed. Xavier Lèon-Dufour, Zagreb 1993, 1098.

[2] Треба да се истакне дека термините „зборува“, „збор“, како инструменти на комуникација, лична и официјална, се посебно привилегирани во еден свет, како што е оној на Стариот исток, каде што усната активност и традиција предничела пред

го означува самиот акт на говор, па затоа не може да има фигуративен подмет. Глаголот *amar*, пак, тоа го може, па како подмет ги има дури и земјата, морето, дрвјата, огнот. Синтагмата *debar Jhwh* („збор Божји") се јавува 241 пат, најмногу во пророчките списи, пред сè кај Еремија и Езекиил.

Во минатото имало обиди да се заснова важноста на зборот врз основа на етимолошкото поврзување со *debir* (свјатаја свјатих), употребен во 3Цар 6,5.16-22; 7,49; 8,6-8 и Пс 27,2 (каде е преведен со „храм"), со кое се означува најсветото место од храмот. На тој начин, во зборот би требало да се слушне основата на една твар, неговата содржина и суштина... Применет на Бога и Неговиот збор, ова би значело дека Бог во Својата светост се објавува преку Својот збор, а кој го слуша Божјиот збор, тој го познава Бога како свет.[3]

Сепак, за да се сфати важноста и функцијата на зборот во Светото писмо е невозможно без претходно да се истакне негативното вреднување коешто модерниот човек го има за „зборот" наспроти „делото". Не зборови, туку факти: ова е критериумот со којшто се суди и вреднува автентичноста и веродостојноста на секоја постапка. Но, дали тоа не е обезвреднување на зборот? Ако зборот не значи ништо, тогаш дадениот збор и не мора да се одржи[4]. Важноста на дадениот збор во старозаветниот Израил е огромна, токму поради поврзаноста меѓу „изговореното" и „стореното": ако тоа е лош збор, злослов, тој создава несреќа, ако е добар збор – благослов, тоа не е едноставна желба или посакување, но е творечки и делувачки во однос на оној кому му е упатена. На почетокот од Библијата е даден описот кога Адам ги именува животните, но тоа не е едноставно етикетирање, туку со тоа тој го изразува своето владетелство над нив.[5] Последните збо-

---

пишувачката. Sp. Gianfranco Ravasi, *Nel cuore dell'uomo. Leggendo il libro dei Proverbi*, Cinsello Balsamo 1987, 70.

[3] Bruno Corsani, "Parola", *Nuovo dizionario di teologia biblica*, Ed. P. Rosano-G. Ravasi-A. Girlanda, Cinsello Balsamo 1988, 1099.

[4] Bruno Corsani, "Parola", 1098.

[5] Така размислува за оваа Адамова постапка и свети Јован Златоуст кога вели: „Тоа не се случувало само за да се увериме во неговата мудрост, туку преку името да се покаже симболот на неговата власт. Затоа што и кај луѓето постои обичај, при купувањето на слугата, да ја симболизираат власта со тоа што ќе го променат името. Затоа и (Господ) го подготвува Адам како господар на сите бесловесни да им даде име. Немој, возљубен, површно да преминеш преку тие зборови, туку помисли каков знак на мудроста е да именуваш толку видови на птици, влекачи, ѕверки, стока и дру-

рови на смртната постела се чувани со грижа, токму заради значењето кое произлегува од дадениот контекст (1Мојс 49; 5Мојс 33; 2Цар 23,1-7). Кога Соломон ќе стапи на престолот од Бога бара „срце мудро кое ќе знае да разликува (буквално „да слуша“) што е добро а што е зло (3Цар 3,9); важноста дадена на способноста да се слуша е пропорционална на важноста на изговорениот збор.[6]

Во Стариот завет, темата на божествениот збор не е предмет на апстрактни спекулации, како што е примерот во другите филозофски и религиозни размислувања (како на пр. за логосот кај александриските филозофи). Таа е, пред сè, резултат на едно искуство: Бог зборува директно со избрани луѓе, а преку нив Тој му зборува на својот народ и на сите луѓе.

Пророштвото е една од фундаменталните основи на Стариот завет: во сите векови Бог им зборува на избраните луѓе, со порака да го пренесат Неговиот збор. Начинот на кој Бог се обраќа може да биде различен: на едни тој им зборува „во визија и во сон“ (4Мојс 12,6; види 3Цар 22,13-17); на други, пак, преку внатрешно вдахновение (4Цар 3,15; Ер 1,4). На Мојсеј тој му зборува „уста со уста“ (4Мојс 12, 8). Многу често начинот на кој се изразува Божјиот збор не е ни прецизиран (на пр. 1Мојс 12, 1). Но, најважно е тоа дека сите слушатели на овие зборови имаат јасна свест дека Бог ним им говори, дека Неговиот збор дури како со сила навалува врз нив (Ам 7, 15; види 3,8; Ер 20,7). Затоа, за нив зборот Божји е примарен факт што го одредува значењето на нивниот живот и чудествениот начин на кој се појавува зборот во нив ги тера на Божјиот Дух да Му го припишат потеклото на ваквото делување. Во други случаи, пак, зборот Божји може да им се објави и на начини мошне блиску до вообичаеното делување: како оние што ги користи божествената мудрост за да се обрати до срцето на луѓето (Изреки 8, 1-21.32-36; Сол 7-8), без оглед дали ги учи како да се раководат во жи-

---

ги бесловесни, питоми, диви, кои престојуваат во водите, кои земјата ги даде – и тоа да им се дадат оправдани имиња и сходна за секој вид. „И сите како ги нарече Адам, тоа им беше името“. Гледаш ли колкава полнота на власта? Гледаш ли неограничено господство?“ (Свети Јован Златоуст, *Шестоднев, Тумачење књиге постања*, Београд 1998, 112). Види, исто така, Јеромонах Серафим Роуз, *Стварање света и рани човек, Православно тумачење књиге Постања*, Београд 2002, 138–139.

[6] Bruno Corsani, “Parola”, 1098.

вотот, или кога таа, мудроста, им ги открива божествените тајни (Дан 5,11; види 1Мојс 41,39).[7]

Словото Божјо може да се разгледува од два аспекта, кои се неделиви, но воедно и различни: Словото Божјо открива и Словото Божјо делува. Впрочем, самото Откровение е настан.[8]

1. Бог говори и делува. – Словото Божјо не е едноставна доктринарна порака која е упатена до луѓето, туку е динамична реалност, моќ што непогрешливо ги управува случувањата промислени од Бога (Ис.Н 21,45; 23,14; 3Цар 8,56). Бог го испраќа својот збор како жив гласник (Ис 9,7; Пс 107,20), внимава тоа да го оствари (Ер 1,12) и секогаш го исполнува она што го објавува (4Мојс 23,19; Ис 55,10).[9]

Преку зборот започнува почетокот на создавачкото дело на Творецот „Бог рече: и така стана“ (1Мојс 1; Пс 32,6-9; Плач 3,37). И човечкиот збор, својот извор и својата основа го има во Божјиот збор, кој за јудејско-христијанското откровение извршува онтолошка функција; тој е коренот на создавањето и на постоењето.[10] За разлика од вавилонската митологија, созданието тука не се раѓа од некоја теогонска битка, туку од Зборот кој ја победува ништотијата и го создава созданието. И Стариот и Новиот завет се отвораат преку Божјиот збор кој моќно ја раскинува тишината. „Во почетокот Бог рече: да биде светлина. И стана светлина!“ (1Мојс 1,1.3).[11]

Во почетокот беше Зборот: оној збор кој создава и спасува е воедно збор силен, тежок и гори како оган. „Зар не е Мојот збор како оган, вели Господ, и не е ли како чекан што крши карпа?“ – вели Бог во книгата на пророкот Еремија (23,29). Пред моќта на Божјиот збор, целото создание се покорува: „Ќе го испрати (Бог) зборот, и сè се растопува; ќе дувне со ветрот Свој, и води потекуваат“ (Пс 147,7).

Божјиот збор е зародиш на постоењето, но и двигател на историјата. Како што на почетокот Бог го создаде светот преку десетте

[7] Amiot François – Pierre Grelot, “Riječ Božja”, 1099–1100.

[8] John Webster, *Word and Church*, Edinburg 2001, 27

[9] Amiot François – Pierre Grelot, “Riječ Božja”, 1101.

[10] „The verb *dabar* means to formalize: to deliberately establish and pronounce something’s name or definition. This causes the thing to become ‘real’ in the mind of whoever understands this word, name or definition, and this in turn explains why all of creation was spoken into being“ (*Abarim Publications’ Biblical Dictionary*, https://www.abarim-publications.com/Dictionary/d/d-b-r.html#.Xoh7E27VLIU).

[11] Vern Sheridan Poythress, *In the Beginning Was the Word. Language - A God Centered Approach, Wheaton* 2009, 20.

збора (во описот на создавањето Бог десет пати ќе рече и така преку зборот светот ќе бидне), така и во пустината, Бог преку десет збора ќе го создаде својот народ. За Синајското искуство си спомнува Мојсеј и вели: „Господ ви говореше на планината од средината на огнот; гласот на зборовите негови ги чувте, но образ не видовте, туку чувте само глас. И Тој ви го објави заветот Свој, и ви заповеда да ги исполнувате десетте збора“ (5Мојс 4,12-13). Да се потсетиме и дека хебрејскиот *dabar*, освен што значи „збор“, значи и „чин, настан, случување“. Зборот и делото тука повторно се испреплетуваат.

2. Бог говори и открива. Бог на библиското Откровение е Бог кој говори и делува. Божјиот збор е основа на законот, кој го открива правилото на животот, значењето на созданието и на настаните, на ветувањата и нивните остварувања во иднината.[12]

а) Концептот на божествениот збор како закон и правило на животот датира од самите почетоци на Израил. Како што беше речено, за време на склопувањето на заветот на Синај, Мојсеј на народот му го беше дал Декалогот, Законот сумиран во десет „збора“ (Декалогот, 2Мојс 20,1-17; 5Мојс 5,6-22; види 2Мојс 34,28; 5. Мојс 4,13; 10,4). Овој чин му овозможи на Израил да стане свесен дека „Бог зборува“. Некои библиски раскази го истакнуваат фактот што ја опишува сликата на Синај и го објавува Бог, кој од облакот му говори директно на целиот Израил (види 2Мојс 20,1; 5Мојс 4,12), иако другите текстови јасно ја истакнуваат посредувачката функција на Мојсеј (Излез 34: 10-28). Во секој случај, основата на законот е во божествениот збор.[13]

б) Законот е резултат на Божјото Откровение и Неговото делување на земјата: „Јас сум Господ, твојот Бог, кој те изведе од земјата Египетска“ (2Мојс 20,2). Ова е суштинската објава што го утврдува авторитетот на самиот Закон. Тоа е објаснувањето на претходното Божјо претставување пред Израил: „Јас сум Господ, твојот Бог“ (2Мојс 20,2). Значи, за да го објасни Своето име, Бог не се повикува на објаснување на Својата природа, туку на Неговото учество и делување во штотуку извршеното ослободување од Египет.[14] Ако Израил е монотеистички народ, тоа не е сознание кое е здобиено според човечка мудрост, туку затоа што Господ им говореше на отците, а потоа и на Мојсеј, та Тој да

---

[12] Valerio Mannucci, *Bibbia come parola di Dio, Introduzione generale della Sacra Scrittura*, Brescia 1997, 37.

[13] Amiot François – Pierre Grelot, “Riječ Božja”, 1100.

[14] Valerio Mannucci, *Bibbia come parola di Dio,* 38.

биде познаен како еден и „единствен“ (2Мојс 3,13-15, сп. 5Мојс 6,4). А како што понатаму се одвива историјата, така и зборот Божји постепено сè повеќе просветлува и открива.

в) Конечно, словото Божјо знае да ги надмине временските ограничувања и однапред да ја открие иднината. Чекор по чекор, зборот Божји го проосветлува Израил во секој стадиум од Божјиот план (1Мојс 15,13-16; 2Мојс 3,7-10; Ис.Н 1,1-5, итн.). Конечно, Зад непосредната иднина која е затемнета, се открива што ќе се случи „во последните времиња“, кога Бог целосно ќе го оствари својот план за светот и човекот. Ова е главниот предмет на пророчката есхатологија, во која се проникуваат – Законот, откровението и ветувањето: овие три аспекти на божествениот збор се придружуваат и меѓусебно се условуваат за време на целиот Стар завет.[15] „Зашто Јас, Господ, го зборувам ова: и зборот, кој Јас го кажувам ќе се исполни, и нема да биде одложен; во ваши денови, доме отстапнички, реков збор, и ќе го исполнам, вели Господ Бог... Затоа кажи им: вака вели Господ Бог: Ниеден Мој збор нема да биде одложен, но зборот, што ќе го кажам Јас, ќе се изврши, вели Господ Бог“ (Ез 12,25.28).

## Човекот пред Бога кој му говори

Пред зборот Божји човекот не може да остане рамнодушен: слушателот е повикан да заземе став, којшто понатаму ја насочува неговата судбина.

1. Пренесувањето на зборот Божји не е претставено од страна на Стариот завет како извор на мистични радости: напротив, секој пророк е изложен на противречности, а честопати и на прогонства. За мудриот Соломон семоќниот Божјиот збор е „како страшен војник“ (Сол 18,15), а за апостолот Павле „зборот Божји е жив и дејствува, и е поостар од секаков меч со две острици; и навлегува до разделување на душата и духот, до зглобовите и мозокот, и ги проценува мислите и намерите на срцето (Евр 4,12).

Секако, Бог, ставајќи ги своите зборови во уста на гласникот, му дава доволно сила без страв да ја пренесе пораката што му е доверена (Ер 1,6-10). Но, тој, пак, станува одговорен пред Бога за оваа мисија од која зависи судбината на народот (Ез 3,16-21; 33,1-9). Ако, пак, се обиде да избега од упатениот повик, Бог може дури и со сила да го вра-

[15] Amiot François – Pierre Grelot, “Riječ Božja”, 1100–1101.

ти, како што тоа ни го сведочи сторијата за Јона (1,3).[16] Но, претежно Божјите гласници ја исполнуваат својата мисија дури и да е во опасност нивниот спокој и нивниот живот. Оваа херојска верност за нив причина за страдање (Ер 15,16), тешка должност која не секогаш и не веднаш не ја сфаќаат наградата за тоа (3Цар 19,14).[17]

Божјиот збор е извор на животот и смртта. Богобојажливиот псалмопејач со сигурност извикува кон Господа „Твојот збор ме оживува“ (Пс 118,50.89). Твојот збор, Господи, е засекогаш утврден на небото; Твојот збор е светилник на нозете мои и светлина за патеката моја“.

Тој збор Божји, за да остане видливо забележан и запишан, се користи со едно скромно средство, каков што е човечкиот јазик, кој е составен од вокабулар со правила и фонеми. На тој начин настанува и Библијата, во обид да го опфати неискажливиот Збор и со тоа да го направи ефективен. Во секој случај, библиското сведоштво посведочува дека јазикот не е нешто туѓо и наметнато во светот, туку е клуч за неговото битисување и неговото значење. И ако Бог управува со светот дури и денес преку зборот, тогаш јазикот, Божјиот збор, останува најдлабокиот клуч за разбирањето на историјата на човекот и светот.[18]

Gjoko Gjorgjevski

## THE WORD OF GOD IN THE OLD TESTAMENT

The Word of God is one of the most characteristic features of the living God in the biblical revelation: He speaks to man, and the importance of His word in the Old Testament only prepares the time of the New Testament, when this Word becomes flesh. The Word of God can be considered from two aspects, which are indivisible, but also different: the Word of God reveals and the Word of God acts. And, before the Word of God, man cannot remain indifferent: the listener is called to take a stand, which further directs his own destiny.

[16] Види Gianfranco Ravasi, *L'Antico Testamento. Conoscerlo, leggerlo, viverlo*, Cinisello Balsamo 2013, 331.

[17] Amiot François – Pierre Grelot, “Riječ Božja”, 1101–1102.

[18] Vern Sheridan Poythress, *In the Beginning Was the Word*, 24.